Општина Охрид

Сектор за Туризам и Локален економски развој

Одделение за Локален Економски Развој

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

**ОПШТИНА ОХРИД**

Согласно Програматаза поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2022 година и Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на општина Охрид за субвенционирање на регистриранизанаетчии(Категорија 2) на подрачјето на општина Охрид**,** со бр.08-7805/8од 08.06.2022 година, општина Охрид објавува**:**

**ЈАВЕН ПОВИК**

**за субвенционирање на регистрирани занаетчии (Категорија 2) на подрачјето на Општина Охрид за 2022 година**

**1. Опис на јавниот повик**

**Предмет на Јавниот повик е** субвенционирање на занаетчии регистрирани во Регионалната занаетчиска комора, за набавка на репроматеријали, алати или машини потребни за вршење на дејноста.

Висината на субвенциите за оваа категорија е максимални **50.000** мкд.

**2.Право на учество на јавниот повик имаат:**

- Сите регистрирани занаетчии кои имаат сопствен дуќан или под закуп лоциран на подрачје на Општина Охрид (**Опинчари, Четкари, Свеќари, Чевлари, Изработка на хартија, Клучари и РТВ маеханичари.**)

- Занаетчии кои имаат намирени обврски кон Општина Охрид, (комунална такса – фирмарина) за претходната година заклучно со датата на поднесување на барањето - овие податоци Комисијата надлежна за спроведување на повикот ќе ги обезбеди по службен пат.
- Започнале со работење најмалку 1 (една) година пред објавувањето на јавниот повик (регистрација/упис во Регистарот на занаетчии).
- Новорегистрирани занаетчии кои добиле еднократна парична помош за регистрирање на дејност преку овој Правилник.

**3. Начин на пријавување на Јавниот повик:**

За да биде подобен за аплицирање барателот на субвенција треба да ги исполнува следните услови за учество на Јавниот повик и да достави:

- Барање за субвенционирање на регистрација на занаетчии на територијата на општина Охрид – Категорија 2 (Барањето може да се подигне во архивата на Општина Охрид или да се обезбеди од интернет страницата на општина Охрид www.ohrid.gov.mk);
- Копија од Занаетчиска дозвола/лиценца издадена од Занаетчиска Комора на Охрид на РСМ;
- Список на репроматеријали, алати или машини потребни за вршење на дејноста кои апликантот планира да ги набави преку овој повик;
- Тековна состојба од Централниот регистар на РСМ не постара од 6 (шест) месеци;
- Копија од трансакциска сметка.

Горенаведената документација целосно пополнета се доставува во 1 оригинален примерок. Ненавремена и нецелосна документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата.

**4.Начин на спроведување на јавниот повик**

1.Барањата од занаетчиите ќе ги разгледува Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на занаетчии, формирана од Градоначалникот на Општина Охрид со претставник од Занаетчиска комора Охрид.
2.Изборот на апликантите кои ги исполнуваат условите утврдени во Јавниот повик , ќе се прави запазувајќи го принципот "прв дојден, прв услужен", односно по редослед на поднесување на барањата во архивата на општина Охрид до исцрпување на расположивите средства. Напомена: Јавниот повик за Категорија 2 е без временско ограничување, односно до исцрпување на средствата предвидени за оваа намена.
3. Градоначалникот на општина Охрид врз основа на Предлогот на комисијата носи решение за одобрување или одбивање на Барањата за субвенционирање.
4. За Категорија 2 - субвенциониран ќе биде само трошокот за набавка на репроматеријали, алати или машини потребни за вршење на дејноста, преку приложување на доказ за набавка на истите.
5. Апликантите кои ќе бидат избрани за субвенционирање согласно овој Јавен Повик ќе бидат обврзани да не ја затвораат дејноста во времетраење од 1 година од датумот на добивање на финансиската помош.
6. Апликантите кои ќе биде избрани за субвенционирање прифаќаат да се вклучат во менторската програма за водење на занаетчиска дејност која ќе ја обезбедат вработените на комората.
7. Исплатата на средствата ќе се врши сукцесивно, според редот на пристигнати барања по донесување на решение од страна на Градоначалникот на општина Охрид за усвојување на барањата, по принцип прв дојден прв услужен.
8. Доколку бидат исцрпени предвидените финансиски средства, Комисијата надлежна за спроведување на постапката ќе го објави завршувањето на Јавниот повик преку официјалната веб-страна на општина Охрид.
9. Еден Барател/апликант може да користи/аплицира за субвенции само еднаш по објавениот јавен повик.
10. Јавниот повик ќе биде објавен на официјалнта веб страница на општина Охрид www.ohrid.gov.mk
11. За Категорија 2: Времетраењето на јавниот повик ќе трае до исцрпување на средствата, но не покасно од 01.10.2022, а ќе биде по принцип прв дојден прв услужен.

**5. Начин на остварување на правото на надоместок**

(1) Градоначалникот на општина Охрид врз основа на Предлогот на комисијата носи решение за одобрување на Барањата за субвенционирање на регистрирани занаетчии за набавка на репроматеријали, алати или машини потребни за вршење на дејноста,на подрачјето на општина Охрид.
(2) Исплатата на финансиски средства на физички лица ќе се врши на трансакциска сметка откако: Категорија 2 - барателите ќе достават доказ за набавени репроматеријали, алати, или машини потребни за вршење на дејноста, (фактура или фискална сметка за извршената

Општина Охрид

Сектор за Туризам и Локален економски развој

Одделение за Локален Економски Развој

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

набавка ќе треба да достават во рок од 15 дена одкако ќе бидат известени дали нивното барање е прифатено по принципот прв дојден прв услужен, како доказ за набавените материјали или машини/алати)

(3) Комисијата ги известува барателите кои не ги исполниле условите согласно Јавниот повик за одбивање на барањето. Барателите кои нема да бидат субвенционирани, нивните документи ќе бидат вратени на нивно барање.

(4) Документите кои ќе бидат доставени имаат важност на чување од 5 години.

Одобрил:
Сектор за ТЛЕР
Раководител,
М-р Ѓоко Апостолов

**Општина Охрид**
Градоначалник
Кирил Пецаков

**Општина Охрид**

Сектор за Туризам и Локален економски развој

Одделение за Локален Економски Развој

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

**КАТЕГОРИЈА 2**

**БАРАЊЕ**
**За субвенционирање на занаетчии регистрирани во Регионалната занаетчиска комора, за набавка на репроматеријали, алати или машини потребни за вршење на дејноста.**

**БАРАЊЕТО ГО ПОПОЛНУВА ПОДНОСИТЕЛОТ СО ПЕЧАТНИ БУКВИ**

Назив на физички/правен субјект

___________________________________________

Име и Презиме на барателот

___________________________________________

Адреса на вршење на дејност:___________________________________________

Адреса на живеење(улица и број): ______________________________

Општина:________________________

ЕМБС на правниот субјект:__________________

ЕМБГ на физичкиот субјект:________________

Број на телефон/ и маил:____________________

**1.** Вид на занаетчиска дејност за која барателот аплицира:

___________________________________________

**(Дејноста да биде во согласност со дејностите објавени во Јавниот Повик)**

**Кон барањето ги приложувам следните документи:**

☐ Копија од занаетчиска дозвола/лиценца издадена од Занаетчиска Комора на Охрид на РСМ

☐ Тековна состојба од Централниот регистар на РСМ не постаро од 6(шест) месеци;

☐ Копија од трансакциска сметка

☐ Список на алати или репроматеријали кои ќе бидат набавени

***Изјава: Изјавувам дека сум согласен моите лични податоци да се користат за потребите на општина Охрид во постапката за решавање на предметот.***

**Датум:_________________**
**Место:_________________**
**Подносител:_____________**

**Напомена: Во предвид ќе се земат целосно пополнети Барања со приложена комплетна документација.**